Република Северна Македонија
НУ Универзитетска библиотека
Св. Климент Охридски
ул. Пеце Матичевски 39
7000 Битола
Бр.02-273/11 30.06 2025г.

Republic of North Macedonia
NI University Library
St. Kliment Ohridski
Pece Matichevski 39
7000 Bitola

тел./tel., факс/fax: ++389-47/220-208 e-mail: nuub@nuub.mk WEB: http:/www.nuub.mk

Врз основа на член 77-ж од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр. 66/03, 49/03, 82/05, 24/07, 116/10, 47/11, 51/11, 136/12, 23/13, 187/13, 44/14, 61/15, 154/15, 39/16, 11/18, 11/18 и 265/24), член 21 став 1 од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ“ бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18, 198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.143/19, 14/20 и 97/20), член 21 и 23 точка 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр.167/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/19, 267/20, 151/21, 288/21 и 111/23),, а во согласност со член 12 став 2 точка 14 и 18 од Статутот на НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола бр. 01-240/1 од 23.06.2015, бр. 02-42/3 од 29.01.2018, бр. 02-147/4 од 30.05.2019 и бр. 02-135/4 од 15.04.2022, директорот донесе

# О Д Л У К А
## за избор на кандидати по објавен јавен оглас 02/2025 година

1. По јавниот оглас 02/2025 за вработување на 1 (еден) Библиотекарски помошник – Соработник во магацин за монографски публикации и 1 (еден) Библиотекарски помошник – Соработник во зајмување и магацин за библиотечен фонд наменет за деца во НУУБ „Св. Климент Охридски“ – Битола, објавен на 04.06.2025 во дневните весници „Нова Македонија“, „Вечер“ и „Коха“, од предложената ранг листа се избираат следните најдобро рангирани кандидати:

За работното место Библиотекарски помошник – Соработник во магацин за монографски публикации се избира:

- **Емилија Талевска**

За работното место Библиотекарски помошник – Соработник во зајмување и магацин за библиотечен фонд наменет за деца се избира:

- **Гордана Спиркоска**

2. Со избраните кандидати од точка 1 на оваа одлука да се склучат договори за вработување на неопределено работно време по конечноста на одлуката.

3. Со одлуката за избор на кандидатите за прием по објавениот оглас да се известат сите кандидати кои се пријавиле на огласот.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

*О б р а з л о ж е н и е*

На 04.06.2025 година, во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха" беше објавен јавен оглас 02/2025 за вработување на 1 (еден) Библиотекарски помошник – Соработник во магацин за монографски публикации и 1 (еден) Библиотекарски помошник – Соработник во зајмување и магацин за библиотечен фонд наменет за деца во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола.

Во врска со наведениот оглас Комисијата за спроведување на постапката за вработување, формирана со Решение бр. 04-273/6 од 20.06.2025 година на ден 23.06.2025 година ги разгледа поднесените пријави на кандидатите.

Кандидатите со комплетна пријава и уредна документација беа повикани на интервју на ден 25.06.2025 година во 08:30 часот во просториите на НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола.

По извршената селекција и спроведеното интервју, Комисијата изготви ранг листа на кандидатите за горенаведените места и истата беше доставена до директорот.

Директорот за горенаведените работни места изврши избор за најдобро рангираните кандидати, како во диспозитивот на оваа одлука.

Избраните кандидати од точка 1 на оваа одлука ќе засноваат работен однос во НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола со потпишување на договор за вработување по конечноста на одлуката.

<u>Правна поука</u>: Незадоволниот кандидат има право во рок од 8 дена да поднесе жалба до Управниот одбор при Националната установа – Универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски" – Битола.

НУУБ „Св. Климент Охридски" – Битола
Директор
________________
м-р Емилија Стефановска Давкова